*Родово одговорен буџетски форум 2024-2025*
*Општина Крива Паланка*
*IV форумска сесија*

**ЛИСТА**
**СО ПРЕПОРАКИ ОД ГРАЃАНИТЕ ДО**
**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

*Крива Паланка*
*13 ноември 2024 година*

**Почитувани ,**

**Ние граѓаните и граѓанките – учесници/ки на Буџетскиот Форум 2024 / 2025 за подготовка на родово одговорен буџет на Општина Крива Паланка, Ви ја доставуваме оваа листа со препораки до Вас (Градоначалникот и Советот на Општина Крива Паланка) како претставници на локалната Власт да ги имате во предвид сите наши граѓански идеи во тековните работи и идни планирања на Општина Крива Паланка и да ги рашавате во рамките на своите надлежности.**

**Листата ги содржи сите граѓански идеи и проблеми кои не влегоа односно останаа надвор од буџетските и програмски приоритети на општината, и од оправдани причини неможеа да бидат вкучени во Буџетот на Општина Крива Паланка за 2025 година, но можат да бидат патоказ за делување на локалната самоуправа во наредниот период и да бидат вклучени во нејзините идни стратешки и развојни планирања и документи.**

**Голем дел од препораките беа прифатливи за општината па се надеваме дека и некој и од нив дополнително ќе влезат во буџетот и ќе бидат реализирани следната година, но и дека општината ќе ги има предвид и при некој од своите идни планирања на буџетот.**

**1. Предлози по предлог програма за заштита на животна средина во Општина Крива Паланка за 2025 година**

| Предлози од граѓаните | Работна маса и презентер | Предлогот е дел од приоритетите за развој на општината за 2024 година – (ДА/НЕ) |
|---|---|---|
| Место за одредување на органски отпад и преработка во хумус | Урбанизам, сообраќај и животната средина – Мила Стојановска | **НЕ/да**<br>**Управувањето со отпадот е вносен и растечки бизнис во развиените земји, веруваме дека нештата ќе се придвижат и кај нас и јавните претпријатија ќе можат да вршат профитабилни дејности.**<br>**Урбанизмот треба вакви капацитети да ги има предви при своите идни планирања** |
| Погон за рециклирање на отпад | Комунални дејности – Јорданчо Миневски | **НЕ/да**<br>**Управувањето со отпадот е вносен и растечки бизнис во развиените земји, веруваме дека нештата ќе се придвижат и кај нас и јавните претпријатија ќе можат да вршат профитабилни дејности.**<br>**Урбанизмот треба вакви капацитети да ги има предви при своите идни планирања** |
| Дислоцирање или укопување на контејнерите особено во централното градско подрачје | Јавни дејности – Зорица Ристовска | **НЕ**<br>**Многу добар предлог, истото го има во своите долгорочни планирања и општината,но станува збор за поголеми финансиски средства, и за истата прво треба да претходи урбано планска и техничка документација.** |

**2. Предлози по предлог програма за социјалната, детска и здравствената заштита за 2025г.**

| Предлози од граѓаните | Работна маса и презентер | Предлогот е дел од приоритетите за развој на општината за 2025 година – ( (ДА/НЕ) |
|---|---|---|
| Зголемување на бројот на субвенции<br>-Паричен надоместок и за 2ра. и 3та. година како што има 1ва. и 4та. Во СОУ Ѓорче Петров | Култура – Никола Митовски | **НЕ**<br>**Во моментот не е можна поголема алокација од буџетот на општината но секако ќе го имаме предвид и при прва можност тие износи треба и планираме да растат во иднина.** |

**3. Предлози по предлог програма за економски развој во Општина Крива Паланка за 2025 година**

| Предлози од граѓаните | Работна маса и презентер | Предлогот е дел од приоритетите за развој на општината за 2025година – (ДА/НЕ) |
|---|---|---|
| Субвенционирање за отварање на погони за преработка на зеленчук и овошје или нивно пакување и замрзнување | Јавни дејности – Зорица Ристовска | **НЕ/да**<br>**Нема законски можности општината да финансира или субвенционира бизниси но може да создаде предуслови за тие да се формират со предвидување на локалции и изработка на урбано планска документација за такви објекти.**<br>Не, ама може да се размисли. За почеток општината може да организира презентација на постоечките фондови на национално и друго ниво (ИПАРД, МЗШВ, АФПРРЗ, Министерство за економија). А во нареден период да се изготви анализа за оваа работа |

**4. Предлози по предлог програма за млади во Општина Крива Паланка за 2025 година**

| Предлози од граѓаните | Работна маса и презентер | Предлогот е дел од приоритетите за развој на општината за 2025година – (ДА/НЕ) |
|---|---|---|
| Субвенционирање на правни субјекти при работно ангажирање на млади | Урбанизам, сообраќај и животната средина – Мила Стојановска | **НЕ - ненадлежност**<br>**Општината нема законски можности за реализација на проектот. Но постојат национални програми кои се спроведуваат преку АВРМ за подршка на вработувања на млади лица..** |
| Филмски проекции во кино. | Култура – Никола Митовски | **НЕ / Немаме надлежност:**<br>**Киното е дел од НУЦК Крива Паланка кој е државна институција, така да како општина немаме ингеренции и можност да влијаеме но секако вашите предлози од наша страна ќе бидат предадени на ЦК.** |
| Создавање на НТ при НУЦК. | Култура – Никола Митовски | **НЕ / Немаме надлежност:**<br>**Киното е дел од НУЦК Крива Паланка кој е државна институција, така да како општина немаме ингеренции и можност да влијаеме но секако вашите предлози од наша страна ќе бидат предадени на ЦК.** |
| Изнаоѓање (обезбедување) средства за финансирање на волонтерските активности во кои би се вклучиле младите | Јавни дејности – Зорица Ристовска | **НЕ/да**<br>**Потребно есогласно законската легислатива да се изготват документи,правилници, програми за ангажирање на волонтери, но исто така потребна е и анализа каде и во која област има потреба и** |

| | | |
|---|---|---|
| | | **оправданост од ангажирање на волонтери, и колкава сума од буџетот треба да се издвои за следната година. Затоа во овој момент предлогот неможе да се вклучи во буџетот за следната година, но ќе остане во препораки** |

**5. Предлози по предлог програма за за изградба, реконструкција и одржување на локална, водоводна и канализациона мрежа за 2025**

| **Предлози од граѓаните** | **Работна маса и презентер** | **Предлогот е дел од приоритетите за развој на општината за 2025 година – (ДА/НЕ)** |
|---|---|---|
| Решавање на атмосферска канализација на Св. Јоаким Осоговски (Полиција – Осички мост). | Комунални дејности – Жаклина Цветковска | **НЕ/да**<br>**ова ќе се реализира со реконструкцијата на самата улица,одговорот е не од аспект што се планира да се обезбедат средства од други извори, доколку се обезбедат. Затоа предлогот во овојмомент неможеме да го вклучиме во буџетот.** |
| План за промена на секундарна мрежа/водовод. | Култура – Никола Митовски | **НЕ**<br>**Општината има законски надлежности и одговорности за примарната мрежа, секундарната водоводна и канализациона мрежа е обврска на самите корисници.** |
| Водоводна и канализациона мрежа во Единство- зорле маало. | Економски развој и туризам- Марица Николовска | **Не /да**<br>**Изработка на проектна документација**<br>**Водоводна има-канализациона треба да се предвиди за проектирање** |
| На главните аорти да се инсталираат полизатори и јонизатори за прочистување на вода. | Економски развоји туризам- Марица Николовска | **НЕ/да**<br>**Предлогот е интересен но потребно е прво за истиот да се произнесе струката, имаме многу прашалници во моментот и ќе го задолжиме ЈП Комуналец да обезбеди поконкретни информации за предлогот, затоа одговорот е НЕ.** |

**6. Предлози по предлог програма за за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа за 2025**.

| **Предлози од граѓаните** | **Работна маса и презентер** | **Предлогот е дел од приоритетите за развој на општината за 2025 година – (ДА/НЕ)** |
|---|---|---|
| Изградба на мост на Добровничка река кон Мала река во с. Добровница. | Урбанизам, сообраќај и животната средина – Ванчо Велковски | **НЕ /заследната година**<br>**Покомлексен проект кој бара прво урбано планска документација и проектирање/постапка која бара поглем временски период вклучително и приоритетите на граѓаните од тој потег.** |

| | | |
|---|---|---|
| Довршување со асфалтирање на улицата во с. ЖидИлово до гробиштата, во должина од околу 300m | Урбанизам, сообраќај и животната средина – Ванчо Велковски | **НЕ/да**<br>**Општината го има во предвид овој потег, за истиот нема проектна документација, се планира изработка на техничка документација** |
| Да се изгради кружен тек во делот кај паркот во Бавчалак (за безбедност на возачите и учесниците во сообраќајот и да се избегнат сообраќајните прекршоци). | Урбанизам, сообраќај и животната средина – Ванчо Велковски | **НЕ/да**<br>**Надлежен за овој пат е ЈПДП и со истите веќе долго време водиме разговори за решавање на проблемот со клучката, се бара техничко решение но многу бавно се одвиват работите, така да кога ќе се случи не зависи само од нас, не сме сигурни дали ќе се реализира следната година затоа нашиот одговор е НЕ, но на проблемот работиме и во моментот и ќе продолжиме да работиме.** |
| Реконструкција на улица во Нас. Баглак ( од Лисица до лулашките ) . | Комунални дејности – Дијана Ангеловска | **НЕ**<br>**ќе се земе во предвид во иднина** |
| Реконструкција на патчето помеѓу Нас.Чука и патеката за пешаци. | Култура – Никола Митовски | **Не/да**<br>**Парцелите низ кои поминува патеката се приватни, едниот сопственик е во странство и додека се градеше патеката и во моментот не сме во можност да се обезбеди лицето за решавање на имотните работи** |
| Реконструкција на патот од Паднена стена до Болничка ливада. ( Нас. Скрљава ) | Култура – Никола Митовски | **НЕ**<br>**имотни проблеми не е предвидено со урбанистички план за да може да се направи експопријација.** |
| Изградба на капела или пренамена на постоечкиот објект на старите градски гробишта. | Економски развој и туризам- Марица Николовска | **НЕ/да**<br>**Вреди да се размисли, знаеме дека потребите се реални, ќе го задолжиме Комуналец да направи проценка, што и колку ќе чини , воедно потребна е и изработка на проект, затоа од аспект на време сметаме дека неможе да влезе во буџетот за следната година.** |

**7. Предлози по предлог програма за култура на Општина Крива Паланка за 2025 година**

| Предлози од граѓаните | Работна маса и презентер | Предлогот е дел од приоритетите за развој на општината за 2025 година – (ДА/НЕ) |
|---|---|---|
| Да не се поканува пејачи од надвор-странство за кои се издвојуваат многу средства, туку да бидат поканети пејачи од Македонија. | Урбанизам, сообраќај и животната средина – Милица Николовска | **НЕ**<br>**Пејачите од странство се поканува во соработка со бизнис сектор во општината и пошироко регионот, тие го имаат најголемото финансиско учество во покривање на трошоците, така да тие влијаат на одлуката на избор на учесниците дали се домашни или странски. На бизнис сектор му е битно кој ќе донесе најмногу гости,а неод каде** |

| | | |
|---|---|---|
| Фестивал на храна да не се даваат средства од општината. | Урбанизам, сообраќај и животната средина – Милица Николовска | **НЕ**<br>**Предлогот е одличен и и одговара на општината, но фестивалот на храна планираме да стане една од традиционалните општински манифестации, која планираме, во иднина да ја надоградуваме со други пропратни активности, од тие причини во моментот предлогот е неприфатлив.** |
| Отворање на младински културен центар. | Култура – Никола Митовски | **НЕ/да**<br>**Проектот е од големо суштинско значење, на проблемот се работи и се планира да се работи, се надеваме дека ќе успееме да најдеме донатор за реализација на овој проект.** |
| Повеќе средства за опрема и гардероба на културно-уметничките здруженија. | Економски развоји туризам- Зоран Станковски | **НЕ/да**<br>**Општината нема законска рамка за предвидувања средства за опрема и гардероба на граѓански здруженија, но граѓанските културно-уметничките здруженија на јавниот конкурс за НВО од општината можат да аплицират со активност во која ќе можат да извршат набавка на опрема или гардероба.** |

**<u>8. Предлози по предлог програма за активностите на Општина Крива Паланка од областа на спорт за 2025.</u>**

| **Предлози од граѓаните** | **Работна маса и презентер** | **Предлогот е дел од приоритетите за развој на општината за 2025 година – (ДА/НЕ)** |
|---|---|---|
| Износот на стипендиите на студентите да се зголеми од 3.000 на 6.000 денари. | Урбанизам, сообраќај и животната средина – Ванчо Велковски | **НЕ**<br>**Во моментот не е можна поголема алокација од буџетот на општината но секако ќе го имаме предвид и при прва можност тие износи треба и планираме да растат во иднина.** |
| Да се изгради настрешница со заслон на м.в. Ајдучка чешма кон врвот Руен за заштита на планинарите | Урбанизам, сообраќај и животната средина – Ванчо Велковски | **НЕ**<br>**Но предлогот е добар и може за ова намена во соработка со планинарските друштва да се обезбедат средства од планинарскиот сојуз на Македонија или пак може планинарските здруженија на јавниот конкурс за НВО од општината да аплицират со овој проект.** |

**9. Предлози по Програмата за активности на Општина Крива Паланка во областа на образование за 2025 година.**

| Предлози од граѓаните | Работна маса и презентер | Предлогот е дел од приоритетите за развој на општината за 2025 година – (ДА/НЕ) |
|---|---|---|
| Стипендиите за талентирани ученици да бидат зголемени од 3.000 денари на 6.000 денари . | Урбанизам, сообраќај и животната средина – Милица Николовска | **НЕ**<br>**Во моментот не е можна поголема алокација од буџетот на општината но секако ќе го имаме предвид и при прва можност тие износи треба и планираме да растат во иднина.** |
| Да им биде платен превозот на студентите и во другите градови освен во Скопје. | Комунални дејности – Жаклина Цветковска | **НЕ/да**<br>**Предлогот е издржан, Општината е свесна за проблемот и работи на надминување на истиот.** |
| Да се обезбедат учебници за новововедените струки- предмети во СОУ ,,Ѓорче Петров,, | Култура – Михаела Јанковска | **Ненадлежност на општината наставната програма и учебниците се во исклучива надлежност на министерството за образование и бирото за развој на бразованието.** |
| Да се воведе проект ,,менструална сиромаштија,, во соработка со училиштата и донатори | Култура – Михаела Јанковска | **НЕ**<br>**интересен предлог но претходно треба да се направи анализа, истражување и да се подготви апликација, општината ќе го има предвид при своите идни планирања и работа.** |
| Изградба на училишна зграда, обезбедување на соодветна локација во урбанистичкиот план за да ООУ ,,Свети Јоаким Крчовски,, за работа во една смена. | Јавни дејности – Наташа Колевска | **НЕ**<br>**Предлогот во моментот е реален училиштето работи во две смени. Но исто така предлогот бара големи финансиски средства, почнувајќи од урбано планска документација, проектирање и изградба на нова зграда, но за сето тоа потребна е претходна подолгорочна анализа за долгорочните потребите и оправданоста.** |
| Да постои ставка за помош на училиштата за купување на музичка опрема, спортска опрема. | Економски развоји туризам- Марица Николовска | **НЕ**<br>**Во моментот не постои можност за алокација на средства за оваа намена во буџетот,од причина што треба да се напарави анализа и да се утврди кои се потребите,да се види колку сето тоа ќе чини, за да може да се планира во иднина.** |